# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2023 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

НА

## Друштво за спортски дејности
## ФУДБАЛСКИ КЛУБ РЕНОВА АД
## с.Џепчиште, Тетово

СОДРЖИНА:


ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

| | |
|---|---|
| Извештај за сеопфатна добивка | 2023 година |
| Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември | 2023 година |
| Извештај за паричните текови за | 2023 година |
| Извештај за промените на главнината за | 2023 година |
| Белешки кон финансиските извештаи | |
| Годишна сметка за | 2023 година |
| Годишен извештај за работењето за | 2023 година |


Мај 2024 година

Друштво за ревизија
БЕНД РЕВИЗИЈА
И КОНСАЛТИНГ доо
Бр. 08-230/3
29.05 2024 год.
ТЕТОВО

БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО - ТЕТОВО
ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 www.bend.com.mk revizija@bend.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ФУДБАЛСКИ КЛУБ РЕНОВА АД с.Џепчиште**

## Извештај за финансиските извештаи

На Ваше барање извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ РЕНОВА АД с.Џепчиште, Тетово, коишто го вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2023, како и Извештајот за сеопфатна добивка за периодот, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

## Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

## Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективното презентирање на финансиските извештаи на друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ФУДБАЛСКИ КЛУБ РЕНОВА АД с.Џепчиште – продолжение**

**Мислење**

Според наше мислење финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ РЕНОВА АД с.Џепчиште, заклучно со 31 декември 2023 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Нагласување на прашање**

Како што е обелоденето во белешка 3.19 од финансиските извештаи, финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Тековните обврски во износ од 56,980 илјади денари ги надминуваат тековните средства кои изнесуваат 13.655 илјади денари за износ од 43,324 илјади денари. Исто така, на 29.07.2022 година испратено е известување до Фудбалска Федерација на Македонија дека клубот се откажува од натпреварување во прва МФЛ во сезоната 2022/2023 година, додека во сите останати младински категории клубот ќе продолжи со редовно натпреварување.
Овие финансиски извештаи не ги земаат во предвид корекциите и рекласификациите на евидентираните износи на средствата и обврските кои што би биле неопходни доколку Друштвото не би продолжило со своите деловни активности во неограничена иднина.

Нашето мислење не е модификувано во однос на горенаведеното прашање

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Менаџментот на друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 240 од Законот за трговски друштва

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ РЕНОВА АД с.Џепчиште за годината што заврши на 31 декември 2023 година.

Тетово 29.05.2024

Овластен ревизор

Душко Апостоловски

БЕНД Ревизија и консалтинг ДОО Тетово

Управител Трифуноска Наташа

Друштво за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО Тетово

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2023 ГОДИНА**

**НА**

**Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ РЕНОВА АД с.Џепчиште, Тетово**

**СОДРЖИНА:** **Страна**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

| | | |
|---|---|---|
| Извештај за сеопфатна добивка за | 2023 година | 2 |
| Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември | 2023 година | 3 |
| Извештај за паричните текови за | 2023 година | 4 |
| Извештај за промените на главнината за | 2023 година | 5 |
| Белешки кон финансиските извештаи | | 6-23 |

Март , 2024 година

## ***ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ***
## ***за годината што завршува на 31 декември 2023 и 2022 (во 000 денари)***

| Позиција | број на белешка | Износ во 000 денари | |
|---|---|---|---|
| | | Тековна година | Претходна година |
| **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | **6.522** | **21.422** |
| *Приходи од продажба* | 4 | 5.437 | 12.435 |
| *Останати приходи* | 5 | 1.085 | 8.987 |
| **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | **(4.717)** | **(21.461)** |
| *Трошоци од работењето* | *7* | *(93)* | *(665)* |
| *Услуги со карактер на материјални трошоци* | *8* | *(527)* | *(2.160)* |
| *Останати оперативни расходи* | *11* | *(1.379)* | *(3.455)* |
| *Трошоци од вработените* | *9* | *(2.390)* | *(14.849)* |
| *Амортизација на материјалните и нематеријалните средства* | 10 | (328) | (332) |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 6 | **0** | **0** |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 12 | **(1)** | **(1)** |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | | **1.804** | **(39)** |
| Данок на добивка | | (180) | (7) |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | | **1.624** | **(47)** |

***15.03.2024***

Извршен директор

ФУДБАЛСКИ КЛУБ - KLUBI FUTBOLLISTIK 1 РЕНОВА RENOVA АД-SHA с.Цепчиште f.Xhepçisht Тетово-Tetovë

Сметководител

Белешките кон финанискиte извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ на 31 декември 2023 и 2022 (во 000 денари)*

| Позиција | Број на белешка | Износ во 000 денари<br>Тековна година | <br>Претходна година |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА:** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | **55.417** | **55.303** |
| **НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | 13 | **938** | **938** |
| **МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | 14 и 15 | **46.069** | **45.954** |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | **13.655** | **8.445** |
| **КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | | **6.581** | **7.552** |
| Побарувања од купувачи | 18 | 1.956 | 2.807 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 16 | 3.114 | 2.920 |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 19 | 1.511 | 1.825 |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | 17 | **7.074** | **893** |
| **ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА** | | **69.073** | **63.748** |
| **ПАСИВА:** | | | |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | Пк | **12.093** | **10.469** |
| **ОСНОВНА ГЛАВНИНА** | Пк | 1.537 | 1.537 |
| **РЕЗЕРВИ** | Пк | **154** | **154** |
| **АКУМИЛИРАНА ДОБИВКА** | Пк | 8.779 | 8.826 |
| **ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | Бу | 1.624 | - |
| **ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | Бу | - | 47 |
| **ОБВРСКИ** | | **47.891** | **47.744** |
| **КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | | **47.891** | **47.744** |
| Обврски спрема добавувачи | 20 | 47.642 | 47.530 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата | 21 дел | 63 | 56 |
| Обврски кон вработените | 22 | 181 | 154 |
| Тековни даночни обврски | 22 дел | 5 | 4 |
| **ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)** | 23 | 9.089 | 5.535 |
| **ВКУПНА ПАСИВА: ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | **69.073** | **63.748** |

Извршен директор ____________ Сметководител ____________

ФУДБАЛСКИ КЛУБ - KLUBI FUTBOLLISTIK РЕНОВА RENOVA АД-SHA с.Џепчиште f.Xhepçisht Тетово - Tetovë

Белешките кон финанциските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ*
## *за годината која завршува на 31 декември 2023 и 2022 (во 000 денари)*

| Позиција | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| **Готовински текови од деловни активности** | **6.624** | **8.163** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | 1.624 | (47) |
| Амортизација | 328 | 332 |
| Амортизација на продадени и расходувани ОС | - | (110) |
| **Промени - Зголемување/намалување на :** | | |
| Залихи | - | 12 |
| Побарувања од купувачи | 851 | 871 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | (193) | 1.147 |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 313 | 585 |
| Обврски спрема добавувачи | 112 | 7.003 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата | 7 | (440) |
| Обврски кон вработените | 26 | (1.113) |
| Тековни даночни обврски | 1 | (77) |
| ПВР | 3.554 | - |
| **Готовински текови од инвестициони активности** | **(443)** | **(8.656)** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (443) | (8.766) |
| Продажба и расход на материјални и нематеријални средства | - | 110 |
| **Готовински текови од финансиски активности** | **-** | **-** |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **6.181** | **(493)** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **893** | **1.386** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **7.074** | **893** |

Извршен директор

Сметководител

Белешките кон финаниските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## Извештај за промена на главнината на 31 декември 2023 (во 000 денари)

| Позиција | Основна главнина | Задржана добивка/загуба | Добивка/загуба за годината | Резерви | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2023** | **1.537** | **8.826** | **(47)** | **154** | **10.469** |
| **Промени на капиталот за 2023** | | | | | |
| Издавање /објавување на акционерски капитал | | | | | |
| Реинвестирана добивка | | - | | - | - |
| Дивиденди | | | | | - |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | 1.624 | | 1.624 |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | (47) | 47 | | - |
| **Состојба на 31 Декември 2023** | **1.537** | **8.779** | **1.624** | **154** | **12.093** |
| **промени на капиталот во 2022** | | | | | - |
| Издавање /објавување на акционерски капитал | | | | | - |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | (47) | - | (47) |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | (3.730) | 3.730 | | - |
| **Состојба на 31 Декември 2022** | **1.537** | **8.826** | **(47)** | **154** | **10.469** |

Извршен директор　　　　　　　　　　　　Сметководител

Белешките кон финаниските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## 1. *ОПШТИ ПОДАТОЦИ*

**Назив, дејност и вработени:**

Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ РЕНОВА АД с.Џепчиште, Тетово со ЕМБС 6048552 е основано на 26.07.2005 година.

*Дејност: 93.12 – Дејности на спортските клубови*

*Број на вработени на 31.12.2023: 6 (2022: 6)*

**Седиште:**

*Седиштето на друштвото е Џепчиште бр. ВО ОБЈЕКТ-ДПТУ/РЕНОВА Џепчиште, Тетово*

**Основачи и одговорност:**

Основач на друштвото е Друштво за производство, трговија и услуги РЕНОВА ДОО с.Џепчиште со оснивачки влог од 25.000 ЕУР.

Овластувањата и одговорноста на друштвото во правниот промет со трети лица е неограничено и за обврските одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување е Љирим Саити – Извршен директор

Извршен член на Одбор на директори е Љирим Саити, додека неизвршни членови се Рафис Идризи, Џевдет Рустеми, Ниметула Даути, Таџедин Есати и Љупчо Јачев.